РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 05-02-2024
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
11-23/1

До: <u>Општина Битола</u>
(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]
<u>(Советник во Општина Битола)</u>
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ///
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: ***<u>Одлуката за отстранување на времените објекти(бутките, гаражите и останато). И предвидениот рок за нивно отстранување.</u>***
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ___________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ___________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

[redacted]

**Во Битола, 31.01.2024 година .**
___________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за
Имот и имотно-правни работи

Бр.11-23/2

05.02.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-23/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Емилија Илиевска

Примил:
06.02.2024 година

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Општински Инспекторат

Бр.11-23/3

05.02.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-23/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева
______________________
Емилија Илиевска
______________________

Примена
05.02.2024

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор - општински инспекторат**

Одделение за градежна - урбанистичка инспекција, патен сообраќај и патишта

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
БР. 50-241/1
06.02. 2024 ГОД.
БИТОЛА

До
Сектор за правно -нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи
Лица за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер
Евгенија Чукалевска и Емилија Илијевска

ПРЕДМЕТ :ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за бр.11-23/1 за доставување на информации од јавен карактер за Одлуката за отстарнување на времени објекти- урбана опрема и гаражи и рокот за нивно отстранување, Ви посочуваме дека Брањата и Известувањата за отстранување на горенаведените ги добиваме од одделенеието за имот и имотно-правни односи во кои барања се наведува Одлука бр.09-153/8 од 16.09.2022 година донесена од Советот на општина Битола по која се налага извршувањето на времените објекти .Согласно претходното,за наведеното прашање од јавен карактер потребно е да се обрати до одделението за имот и имотно правни односи.

Со почит,

извршител

Ирена Димитровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА
Одделение за имот и имотно – правни работи

12-сл. од 22.02.2024 год. – Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 22-02-2024
11-23/5

До :
Општина Битола
Лица за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер

Предмет: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска: Барање број 11-23/2 од 05.02.2024 год.

Почитувани

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под горенаведениот број и датум, Ве известуваме дека во прилог кон овој допис Ви ја доставуваме Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола бр.07-21/3 од 19.06.2013 година, заедно со сите Одлуки донесени од страна на Советот на општина Битола за дополнување на истата.

Со почит.

ПРИЛОГ:

1. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола бр.07-21/3 од 19.06.2013 година ("Службен гласник на Општина Битола" бр.9/2013)
2. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола бр.09-124/5 од 07.03.2018 година ("Службен гласник на Општина Битола" бр.13/2018)
3. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола бр.09-41/6 од 21.05.2020 година ("Службен гласник на Општина Битола" бр.6/2020)
4. Одлука за измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана

опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола бр.09-71/8 од 07.06.2021 година ("Службен гласник на Општина Битола" бр.10/2021)

5. Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола бр.09-153/8 од 16.09.2022 година ("Службен гласник на Општина Битола" бр.12/2022)
6. Одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола бр.09-55/5 од 31.05.2023 година ("Службен гласник на Општина Битола" бр.8/2023)

**РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ**
**Горан Ѓоревски**

**Изготвил:**
**Стефан Стојанов**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

Број 9, година XLIV
Понеделник, 24.06.2013
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на подрачје општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на подрачје Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 19.06.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-740/1
24.06.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Владимир Талески

Врз основа член 36 и 22 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/2002) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола" бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 19.06.2013 година, донесе

### О Д Л У К А
### за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на подрачје општина Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на подрачје на Општина Битола.

**Член 2**

Под поставена урбана опрема во смисла на ова одлука се подразбира урбаната опрема која егзистира на изградено градежно земјиште – земјиште за општа употреба и истите се во функција односно вршат дејност за која се регистрирани согласно законска регулатива.

**Член 3**

Под урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса се подразбира опрема наведена во член 2 став 4 од Законот за градење .

**Член 4**

Надоместокот за поставената урбана опрема и поставувањето на урбана опрема од член 2 на оваа Одлука ќе се определува согласно следните критериуми – местоположба на урбаната опрема, видот на урбаната опрема и дејноста за која се регистрирани.

**Член 5**

Согласно местоположбата на поставената урбана опрема и поставувањето на урбаната опрема се определуваат три зони на територија на општина Битола определени со Одлуката за дефинирање на зони за оттуѓување на грдежно земјиште сопственост на Република Македонија (Сл. Гласник на општина Битола бр.15/2011) со издвојување на екстра зона во 1-ва зона која се протега по должината на ул. „Широк Сокак„ од пресекот со ул. „Солунска„ до пресекот со ул „Димитар Илиевски Мурато„-ул. „Ленинова„ завршувајки со пресекот на ул.„Булевар 1-ви Мај од двете страни на речното корито на р.„Драгор“.

Во потегот на екстрата зона се приклучуваат по 50м од двете страни на улиците „Булевар 1-ви Мај“, ул. „Димитар Илиевски Мурато“, ул. „Ленинива“ и ул. „Солунска“.

**Член 6**

Видот на урбаната опрема што е поставена и ќе се поставува на подрачјето на општина Битола е определен во Одлуката за утврдување на критериуми и стандарди за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 7/2013).

**Член 7**

Дејноста која се врши во урбаната опрема за која се регистрирани и површината која се користи од имателот на урбаната опрема се утврдува со увид на лице место и согласно приложената документација.

**Член 8**

Висината на надоместокот за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема е одредено во денарска вредност по $м^2$ на месечно или годишно ниво

Утврдувањето на надоместокот за поставена урбана опрема ќе се врши согласно табеларниот преглед во прилог на ова одлука врз основа на пресметка изготвена од Градоначалникот на општина Битола на годишно ниво со квартално плаќање на 4 рати.

Утврдувањето на надоместокот за поставување на урбана опрема, ќе се врши по пат на јавно наддавање со почетна висина на надоместок утврдена во табеларниот преглед во прилог на оваа одлука и плаќање на почетокот на секој месец.

За нередовно плаќање на надоместокот Општина Битола е должна да превзема мерки за отстранување на урбаната опрема.

Составен дел на ова Одлука е табеларниот прилог во прилог на ова Одлука.

**Член 9**

Поставената урбаната опрема која не ги исполнува условите од членот 2 на оваа одлиука, ќе биде отсранета од земјиштето за општа употреба. Трошоците за отстранување на таквата урбана опрема се терет на сопственикот. Доколку во рок од 6 месеци не се утврди сопственик, Општината има право да донесува одлука за користење или отстранување на таа опрема.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, со важност до донесување на нова Одлука, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-21/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
19.06.2013 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување на Иницијативата за започнување на постапка за основање на јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-720/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување на Иницијативата за започнување на постапка за основање на јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општината Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Иницијативата за започнување на постапка за основање на јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општината Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-124/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.09.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за имени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за имени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-720/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
12.09.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа член 36 и 22 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ„бр. 05/2002) и член 70 од Статутот на Општина Битола ("Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за имени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измени и дополнувања на Одлуката за утврдување

висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола објавена во „Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 9/2013 на начин што по членот 9 се додаваат три нови членови, кои гласат:

**Член 9-а**

„Корисникот на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема со давателот на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема (Општина Битола) по истекот на рокот за користење на земјиштето за поставената урбана опрема определан во договорот склучува анекс договор во кој се предвидува дополнителен рок за користење на предметното земјиште од 2 години.

**Член 9-б**

Анекс договор можат да склучат сите корисници на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема кој го имаат подмирено надоместокот за користење заклучно со 30.06.2018 г .

**Член 9-в**

Корисникот на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема кој што има заостанат долг по основ надоместокот од член 3 на ова одлука доколку сака да склучи анекс договор со давателот на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема, а не е во можност во целост да го подмири заостанатиот долг до склучување на анекс договорот, се обврзува да обезбеди соодветен инструмент за обезбедување на плаќањето на заостанатиот надоместок, за што ќе се склучи посебен договор со Општина Битола“.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр.09-124/5 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 07.09.2018 г. | на Советот на Општината Битола |
| Битола | Валентин Груевски |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за прифаќање на трајно користење без надоместок на движна ствар црево ПП ф-52л-15 од страна на Општина Битола дадена од Дирекција за заштита и спасување Скопје

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на трајно користење без надоместок на движна ствар црево ПП ф-52л-15 од страна на Општина Битола дадена од Дирекција за заштита и спасување Скопје, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 07.09.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-720/4 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 12.09.2018 год. | на Општината Битола, |
| Битола | м-р Наташа Петровска |

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), а во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Општина Битола бр. 44-4679/4 („Службен весник на РМ“ бр. 133/2018), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 07.09.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## за прифаќање на трајно користење без надоместок на движна ствар црево ПП ф-52л-15 од страна на Општина Битола дадена од Дирекција за заштита и спасување Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука општина Битола го прифаќа давањето на трајно користење без надоместок на движна ствар-црево ПП ф-

Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 21.05.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-454/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.05.2020 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа член 36 и 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ„бр. 05/2002) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05, 17/08 и 08/19) Советот на Општина Битола на Седницата одржана на 21.05.2020 година донесе

## О Д Л У К А
## Измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на општина Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измени и дополнувања на Одлуката за утврдување висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на општина Битола објавена во Сл.Гласник на општина Битола бр.9/2013, 11/2013 и 13/2018

**Член 2**

Корисникот на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема со давателот на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема (Општина Битола) по истекот на рокот за користење на земјиштето за поставената урбана опрема определен во договорот и анекс договорот склучува анекс договор во кој се предвидува дополнителен рок за користење на предметното земјиште од 1 (една) година.

**Член 3**

Анекс договор можат да склучат сите корисници на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема кој со општина Битола имаат склучено договори и анекс договори за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и го имаат подмирено надоместокот за користење заклучно со 30.06.2020 година.

**Член 4**

Рокот утврден во анекс договорите склучени согласно ова Одлука може да престане и пред неговото истекување доколку давателот на земјиште за општа употреба (општина Битола) донесе друга Одлука со која на друг начин ке го уреди статусот на поставената урбана опрема.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во “Службен гласник„ на Општина Битола.

Бр.09-41/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
21.05.2020 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за основање на Јавна општинска установа КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР Битола

1. Ја објавувам Одлуката за основање на Јавна општинска установа КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 21.05.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-454/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.05.2020 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола, донесена на седница на Советот на општината Битола одржана на ден 07.06.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-508/6
08.06.2021 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 и член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на Седницата одржана на 07.06. 2021 година донесе :

## О Д Л У К А
## измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измени и дополнувања на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола објавена во „Службен гласник на Општина Битола" бр.9/2013, 11/2013, 13/2018 и 6/2020.

### Член 2

Корисникот на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема со давателот на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема (Општина Битола), по истекот на рокот за користење на земјиштето за поставената урбана опрема определен во договорот и анекс договорот склучува анекс договор во кој се предвидува дополнителен рок за користење на предметното земјиште од 1 (една) година.

### Член 3

Анекс договор можат да склучат сите корисници на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема кој со Општина Битола имаат склучено договори и анекс договори за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и го имаат подмирено надоместокот за користење заклучно со 30.06.2021 година.

### Член 4

Рокот утврден во анекс договорите склучени согласно оваа Одлука може да престане и пред неговото истекување доколку давателот на земјиште во општа употреба (Општина Битола), донесе друга Одлука со која на друг начин ќе го уреди статусот на поставената урбана опрема.

### Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.09-71/8
07.06.2021 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

**Член 8**

Корисниците на земјиште во општа употреба кои ќе склучат анекс за користење на земјиштето до 30.06.2023 година, должни се да го платат целокупниот утврден надоместок за користење на земјиштето до 30.06.2023 година во рок од 15 дена од денот на склучувањето на анексот, во спротивно ќе се смета дека анексот не е склучен и нема да произведува правно дејство и во тој случај корисниците ќе бидат должни да ја остранат поставената урбана опрема и да го вратат земјиштето во општа употреба во првобитна состојба во рок од 30 дена од истекот на рокот за плаќање на надоместокот.

**Член 9**

Сите корисници на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема на територијата на Општина Битола се должни да се усогласат со роковите за исполнување на условите од оваа одлука.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила *наредниот ден* по *објавување* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-153/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.09.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за продолжување на активностите за реализација на Основниот проект за употреба и одржување на коловоз за крстосница на ул.„Прилепска“ со ул. „Баталјон Стив Наумов“, Општина Битола (Ветеринарна станица)

1. Се објавува Одлуката за продолжување на активностите за реализација на Основниот проект за употреба и одржување на коловоз за крстосница на ул.„Прилепска“ со ул.„Баталјон Стив Наумов“, Општина Битола (Ветеринарна станица), донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 16.09.2022 година.

Бр. 08-1026/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
19.09.2022 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 16 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.09.2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## за продолжување на активностите за реализација на Основниот проект за употреба и одржување на коловоз за крстосница на ул. „Прилепска“ со ул. „Баталјон Стив Наумов“, Општина Битола (Ветеринарна станица)

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола ги продолжува активностите за реализација на Основниот проект за употреба и одржување на коловоз за крстосница на ул. „Прилепска“ со ул. „Баталјон Стив Наумов“, Општина Битола (Ветеринарна станица), со Тех.бр. Г_53/2014 Скопје, Април, 2015 година, изработен од Еуро Роад Дизајн Груп Доо увоз-извоз Скопје.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила *наредниот ден* по *објавување* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-153/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
16.09.2022 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола

19/20 и 05/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 16.09.2022 година донесе

## ОДЛУКА
## за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола

**Член 1**

Со оваа одлука се врши дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 9/13, 11/13, 13/18, 6/20, 10/21, 9/22 и 10/22).

**Член 2**

Анекс кон основниот договор за користење на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема можат да склучат субјектите кои вршат дејност во поставената урбана опрема, при што дејноста мора да биде во согласност со договорот и Законот за градење.

Доколку субјектот кој врши дејност во поставената урбана опрема не се јавува како корисник на земјиштето во договорот, истиот може да склучи анекс со кој ќе се изврши промени на страна на корисникот на земјиштето во договорот доколку достави правен основ за стекнување на поставената урбана опрема од последниот корисник на земјиштето во општа употреба според договорот.

**Член 3**

Анекс кон основниот договор не може да се склучи доколку за поставената урбана опрема има поднесено барање за утврдување на правен статус по Законот за постапување со безправно изградени објекти од страна на сегашниот или од претходен имател на урбаната опрема.

**Член 4**

Корисниците на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема кои немаат склучено анекси за продолжување на важноста на основните договори за користење на земјиштето во општа употреба за претходниот период до 30.06.2022 година, можат да склучат анекси за користење на земјиштето до 30.06.2023 година, под услов доколку го платат целокупниот неплатен надоместок за користење на земјиштето во претходниот период и доколку ги исполнуваат останатите услови за склучување на анекс кон основниот договор.

**Член 5**

Сите корисници на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема кои ги исполнуваат условите за склучување на анекс и кои имаат намера да склучат анекс кон основниот договор должни се да поднесат до Општина Битола барање за склучување на анекс кон основниот договор во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 6**

Корисниците на земјиште во општа употреба кои нема да поднесат барање за склучување на анекс кон основниот договор во рокот од ставот 1 на овој член, должни се да ја отстранат поставената урбана опрема и да го вратат земјиштето во општа употреба во првобитна состојба во дополнителен рок од 30 дена по истекот на рокот за поднесување на барање за склучување на анекс кон основниот договор.

**Член 7**

Корисниците на земјиште во општа употреба кои ќе поднесат барање за склучување на анекс кон основниот договор, а за кои ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите за склучување на анекс, должни се да ја отстранат поставената урбана опрема и да го вратат земјиштето во општа употреба во првобитна состојба во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето за неисполнување на условите за склучување на анекс кон основниот договор.

Врз основа на член 36 и член 22 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“бр.10/2005, 17/2008, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 31.05.2023 година донесе

# ОДЛУКА
## за дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола

### Член 1

Со оваа одлука се врши дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 9/13, 11/13, 13/18, 6/20, 10/21, 9/22, 10/22 и 12/22).

### Член 2

Корисникот на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема со давателот на земјиштето во општа употреба за поставена урбана опрема (Општина Битола), по истекот на рокот за користење на земјиштето за поставената урбана опрема определен во договорот и анекс договорот склучува анекс договор во кој се предвидува дополнителен рок за користење на предметното земјиште од 2 (две) години.

### Член 3

Анекс договор можат да склучат сите корисници на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема кои:

- ги исполнуваат условите утврдени во Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема и поставување на урбана опрема за која не може да се наплаќа комунална такса на територија на Општина Битола;
- со Општина Битола имаат склучено договор и анекс договори за користење на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема за целиот претходен период,
- ги прифаќаат одредбите од основниот договор и сите анекс договори склучени од нив и од нивните правни претходници
- вршат дејност во поставената урбана опрема, која што е во согласност со договорот и Законот за градење и

- го имаат подмирено надоместокот за користење на земјиштето во општа употреба заклучно до 30.06.2023 година.

При оценувањето на исполнетоста на условите од став 1 алинеи 2 и 5 од овој член, се земаат предвид склучените договори и анекс договори и платените надоместоци од страна на правните претходници на сегашниот корисник на земјиштето во општа употреба.

Член 4

Анекс договор не може да се склучи доколку за поставената урбана опрема има поднесено барање за утврдување на правен статус по Законот за постапување со безправно изградени објекти од страна на сегашниот или од претходен имател на урбаната опрема.

Член 5

За времетраењето на продолжениот рок за користење на земјиштето во општа употреба согласно оваа одлука, може да се изврши промена на страната на корисникот на земјиштето со дополнителен анекс договор, доколку се достави правен основ за стекнување на поставената урбана опрема од последниот корисник на земјиштето и доколку новиот корисник врши дејност во поставената урбана опрема и ги прифаќа правата и обврските од основниот договор и сите анекс договори склучени од неговите правни претходници и под услов да биде подмирен надоместокот за користење на земјиштето што го должи последниот корисник.

Член 6

Корисниците на земјиште во општа употреба за поставена урбана опрема кои ги исполнуваат условите и имаат намера да склучат анекс договор согласно оваа одлука должни се да поднесат до Општина Битола барање за склучување на анекс договор во рок од 30 дена од денот на објавувањето на јавно соопштение на официјалната интернет страницата на Општина Битола и на огласна табла во зградата на Општина Битола.

Член 7

Корисниците на земјиште во општа употреба кои нема да поднесат барање за склучување на анекс кон основниот договор во рокот од членот 6 на оваа одлука, должни се да ја отстранат поставената урбана опрема и да го вратат земјиштето во општа употреба во првобитна состојба во рок од 30 дена по истекот на рокот за поднесување на барање за склучување на анекс договор.

Член 8

Корисниците на земјиште во општа употреба кои ќе поднесат барање за склучување на анекс договор, а за кои ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите за склучување на

анекс договор, должни се да ја отстранат поставената урбана опрема и да го вратат земјиштето во општа употреба во првобитна состојба во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето за неисполнување на условите за склучување на анекс договор.

Член 9

Корисниците на земјиште во општа употреба кои ќе склучат анекс договор за користење на земјиштето до 30.06.2025 година, можат да го платат целокупниот утврден надоместок за користење на земјиштето до 30.06.2025 година еднократно или најмногу на четири рати, од кои:

- првата рата се должни да ја платат во рок од 15 дена од денот на склучувањето на анексот,
- втората рата се должни да ја платат најдоцна до 31.12.2023 година;
- третата рата се должни да ја платат најдоцна до 30.06.2024 година и
- четвртата рата се должни да ја платат најдоцна до 31.12.2024 година.

Доколку корисникот на земјиштето не го плаќа надоместокот согласно ставот 1 од овој член, ќе се смета дека договорот и сите анекси кон него се раскинати со датумот на доспеаност на првата неплатена рата и во тој случај корисникот ќе биде должен да ја острани поставената урбана опрема и да го вратат земјиштето во општа употреба во првобитна состојба во рок од 30 дена од истекот на рокот за плаќање на ратата.

Член 10

Рокот утврден во анекс договорите склучени согласно оваа одлука може да престане и пред неговото истекување доколку Општина Битола како давател на земјиштето во општа употреба донесе друга одлука со која на друг начин ќе го уреди статусот на поставената урбана опрема или на земјиштето на кое е поставена, како и при реализација на урбанистички план или проект од јавен интерес на предметното земјиште.

Член 11

Оваа одлука влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр 09-55/5
31.05.2023 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Габриела Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-23/6
22.02.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **05.02.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-23** од **05.02.2024 година**, каде бара одговор за Одлуката за отстранување на времените објекти ( бутки, гаражи и останато) и предвидениот рок за нивно отстранување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-23 на ден 05.02.2024 година. Во барањето наведе дека бара одговор за Одлуката за отстранување на времените објекти ( бутки, гаражи и останато) и предвидениот рок за нивно отстранување.

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-23/1 од - 05.02.2024
2. Допис до Одделение за Имот и имотно правни работи со бр. 11-23/2 од 05.02.2024 година
3. Допис до Општински инспекторат со бр. 11-23/3 од 05.02.2024 година
4. Одговор од Општински инспекторат со бр. 11-23/4 од 06.02.2024 година
5. Одговор од Одделение за имот и имотно правни работи со бр. 11-23/5 од 22.02.2024 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 22.02.2024 година, под бр. 11-23/6

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

____________________

**Евгенија Чукалева**

____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА